Павловска со мажот Александар од с. Лисиче, Скопско, имаат две ќерки Љупка и Софија. Киро ја продаде куќата на Бања, на некои бизнисмени-албанци, кои изградија апартмани за издавање и базен за капење и изгради нова куќа над Џаде до куќата на Дракче Војновски од Слатина. Благодариме на Ирена, ќерката на Киро, што испрати по Вибер слики и податоци за семејството.
Ратко Димовски со сопругата Душанка од родот Нешооj од Лешок, имаат четири ќерки: Јованка, Милка, Валентина и Снежана. Ќерките на Ратко ги знам, но, немав податоци за брачната и семејна состојба. Знам, дека Јованка е медицинска сестра во Клинички центар, Скопје на Абдоменална хирургија. Јованка со Дончо од Штип имаат ќерка Тања и син Александар. Тања има син Андреј и ќерка Ива, а Александар има ќерка Мина и син Виктор. Снежана со Мирослав од Ѓорче Петров имаат син Мартин и ќерка Мартина. Мартин има има син Симон. Валентина со Златко од Прељубиште имаат ќерка Дијана и син Бобан. Дијана има син Ангел и две ќерки Мирјана и Јована. Бобан има ќерка Емилија и син Дамјан. Четвортата и најмала ќерка на Ратко Милка, која е мажена за Борче од Вратница, живеат во САД и имаат четири деца: синовите Бранислав, Радослав и Борислав и ќерка Катерина. Благодарение на љубезната Јованка, преку Вибер во март 2026 год. ми испрати податоци и фотографии, за семјството на Ратко од Скукооj (Р. бр. 8, стр. 86-87 и 303).
Од родот Скукооj посебно ќе ги споменам браќата Мирко и Спасо, кои играа фудбал за ФК Оникс од Лешок, во 60-те години од минатиот век, кога ФК Оникс постигнуваше најдобри резултати во Тетовскиот потсојуз. Види, книга, 60 Години Спорт во Лешок ( Р. бр. 3 и 23, стр. 137-142) и во книгите, ( Р. бр. 1, стр. 148-158, 158-1, Р. бр. 8, стр. 86 - 87 и 303, Р. бр. 12, стр. 96 и 97 , Р. бр. 25, стр. 180-181, и Р. бр. 18, стр. 222-223 ).
**в. Речник,** ( Р. бр.18, стр. 24, 30-31, 169-170, 211, 212, 215, 222-223, 231, 261-262,), **Бања, Болница, Оникс, род, рот, Санаториум, Скукооj, слава, спорт, фудбал, ФК Оникс,**



Столе + | Косте + | Ратко + | Јоанче + | Мирко + | Спасо + | Милка | Валентина

xxx



Јованка | Снежана | Благица | Тања | Зорица | Мира | Даниела | Цветанка

xxx



Киро | Дракче | Лидија | Драган | Ирена | Александар | Тања | Мартин

# 47. Сољооj

**Сољооj** е **нов** род во Лешок. Празник е Митровден. Куќата им е под Бања од лева страна.Од родот Момирооj е формиран нов род Сољооj, во кој е омажена баба Спасена(09), сестра на дедо

ми Тоде(07) од родот Котлинци од Јанчиште, кој е татко на мајка ми Јорда Спироска. Види, (Р. бр. 1 и 22, стр. 825-847 во ТОМ-2 и Табела бр. 20 и 20-а на стр.1090-1103, во ТОМ- 2).

Јас, добро ја знам баба Спасена (09), која е мажена за Сољо од Момирооj. Баба Спасена беше слепа и имаше два сина: вујко Лазо(36) и вујко Јоанче(37) и две ќерки: Епса и Пандора.

Лазо Сољовски (36) има два сина: Никче(126) и Диме(127) и две ќерки: Трпана и Спасена. Значи со Диме и Никче сме втори братучеди, како и со Трпана и Спасена и Јордан, Петко и Дафинка.

Јованче Момировски со Љубица од родот Љезооj од Лешок имаат два сина: Јордан(130) и Петко(131) и една ќерка Дафинка (132). Види, ( Р. бр. 22, стр. 825 – 847 во ТОМ-2 и таб. бр. 20, стр. 1090-1103 во ТОМ-2, Р. бр. 5 и 15, стр. 160-162 ). http://spiroski.com.mk/

Епса е мажена за Мито од Кујооj и имаат пет деца: Ладе, Трипун, Миљан, Милица и Ружа.

Пандора е мажена со Ане Петровски од родот Маркоќеej од Непроштено и во бракот имаат само една ќерка Симка. Симка е омажена за Петре Србиновски од родот Шердооj од Непроштено и имаат четири деца: Божана, Павлина, Славка и Петко. Петре и Симка со фамилијата се селат во Србија во околината на Шабац, отвараат фурна и таму остануваат да живеат. По смртта на Пандора, удовецот Ане се жени по втор пат со Трпана, која била удовица, бидејќи мажот и Никола поп Спиров Онуфриевски од родот Лалошооj од Лешок, починал. Трпана го оставила малиот 7 годишен син Боре Спироски, да го гледаат баба му Менуша и дедо му поп Спиро. Трпана инаку како девојка била од Теарце од родот Аџиини. Во вториот брак Ане со Трпана имаат ќерка Николина, која кога пораснува се мажи со Вељо Јовановски од родот Ќулафкооj од Непроштено и имаат два сина Љупчо и Драги. Ане се жени по трет пат со Јока Станковиќ од Требиње и имаат три сина: Столе, Среќко и Евгени.

Благодарение на Петко Момировски од Лешок и на Среќко Петровски од Непроштено, кој работеше во ЗОИЛ во Тетово, добив податоци за Пандора и нејзиното семејство во Непроштено.

Вујко Лазо отиде домазет за Коца, кај Ристо од Ќапункооj и имаа четири деца: Никче, Диме, Трпана и Спасена. Со одењето на Лазо за домазет од него почнува да се шири новиот род Сољооj.

Никче Сољовски со сопругата Цвета од Јанчиште имаа син Борче и ќерка Божана. Борче Лазаревски или Сољовски има две деца, ќерката Дијана и ?? . Божана се омажи во Тетово и има две деца.

Диме Лазаревски со сопругата Ѓурѓа од Јелошник имат син Ѓоко и ќерка Николина. Ѓоко Лазаревски погина во 2001 година, во Воениот конфликт. Ѓоко има син Ѓокица, кој се роди посмртно. Николина е мажена во Тетово.

Трпана е мажена во Глоѓи и има ќерка Сузана и син Зоран, кои се отселени во Канада и Спасена е мажена во Тетово и има син Илија, кој е отселен во САД и ќерка Коца, која живее во Тетово.

Од родот Момирооj е формирана нова фамилија Сољооj, во кој е омажена баба Спасена(09), сестра на дедо ми Тоде(07) од родот Котлинци од Јанчиште. Јас, добро ја знам баба Спасена (09), која беше слепа и имаше два сина: вујко Лазо(36) и вујко Јоанче(37) и ќерки Епса и Пандора. Вујко Лазо(36) ги има синовите Никче(126) и Диме(127) и ќерките Трпана и Спасена. Вујко Јованче Момировски има синови Јордан(130) и Петко(131) и ќерка Дафинка. Види, ( Р. бр. 22, стр. 825 – 847 во ТОМ-2 и Таб. бр. 20, стр. 1090-1103 во ТОМ-2, Р. бр. 5 и 15, стр. 160-162 ).

Вујко Јоанче Момировски со вујна Љубица од новиот род- фамилија Љезооj ( Р. бр. 29 ) од Лешок имаат два сина Петко и Јордан и ќерка Дафинка. Вујко Јоанче останаа во старата куќа со баба Спасена, имаа стотина овци и продаваа сирење, кајмак, волна и др. а вујко Лазо отиде домазет во куќата под бања, кај Ристо од Ќапункооj и формира нов род Сољооj.

Јордан во бракот има две ќерки, Соња и Христина, Петко има два сина Гоце и Јовица и Дафинка има син Златко и ќерка Данче.

Со Дафинка Момировска (м. Стојановска) сме иста Генерација 1949/50 и за нea напишав кратка биографија (Р. бр. 12 и 14, стр. 147-148 и Р. бр. 25, стр. 62 ), а кратка биографија напишав и за Јордан Момировски (Р. бр. 25, стр. 121 ). http://spiroski.com.mk/

Во 2001 година во Воениот конфликт погина Ѓоко Лазаревски, син на Диме Лазаревски од новата фамилија Сољооj. ( Р. бр. 1, стр. 769-810 и 825- 847 во ТОМ – 2 и Таб. бр. 20, стр. 1090 – 1103 во ТОМ-2, Р. бр. 5 и 15, стр. 160-161, Р. бр. 8, стр. 64 – 66 и стр. 292- и Р. бр. 25, стр. 105 и 121 ).

**в. Речник,** (Р. бр. 18, стр. 44-45, 48, 71, 92, 96, 120, 125, 138, 154, 171, 211, 223, 228,231,251-252, **), војна, вујко, Ѓорчеej, Котлинци, Кујооj, Јанчиште, Јелошник, Љезооj, Момирооj, Ончееj, род, слава, Сољооj, Споменик, Ќапункооj,**

|  |  |  |  |  |  |  |  |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Диме + | Никче + | Ѓоко + | Николина | Трпана + | Спасена + | Борче | Дијана |

# 48. Станчееј

**Станчееј** е **стар** род од Лешок, на кој домашна слава е **Св. Никола.** Овој род го викаат и **Тошоќееј**. Куќите им се под Тумба и западно од црквата Св. Никола. Јас секогаш сум слушал за род Станчееј, а не сум чул дека овие лица ги викаат и Тошоќееј.

Од овој род го познавав аџо Никола Петковски-Станче, кој беше голем ловџија, страствен пушач и падар (пудар) на Лешечките лозја.

Аџо Никола е син на Станче. Станче имал два сина: Никола и Биљбиљ и две ќерки: Наца и Фона. Биљбиљ нема пород, Наца е мажена во Туденце и има пет деца, а Фона е мажена во Сараќино и има 4 деца.

Аџо Никола Станче има три сина: Анѓелко, Трпче и Крсто и две ќерки: Јагода и Перса.

Јас ги познавам трите сина ( Анѓелко, Трпче и Крсто) и нивните деца и внуци.

**Крсто** Петковски со сопругата Велика Божиновска од родот Праникооj од Лешок имаат два сина Горан и Киро. Горан е геометар и останува да живее во Лешок, а Кире се пресели во Детроит.

Горан Петковски со сопругата Оливера имаат син Никола и ќерка Гордана. Никола со Мони имаат ќерка Мила. Гордана е мажена со Будимир од Тетово и имаат три ќерки: Марија, Емилија и Мони.

Кире Петковски со сопругата Лидија Петрушевска од Отушиште имаат син Стефан (Стивен). Лидија, жената на Кире е сестра на Боби Петрушевски од Отушиште. Боби и Лидија се деца на мојот братучед Тодор Петрушевски-Киш, кој е син од првиот брак на тетка Стојна(28) од родот Котлинци од Јанчиште. Види, Котлинци( Р. бр. 1 и 22, стр. 837 и 1097 во ТОМ - 2).

**Анѓелко** Петковски е преселен во Ѓорче Петров и со сопругата Трајанка од Ратае има два сина Сашо (Александар) и Васко. Васко не е женет, а Сашо е женет и има два сина: Анѓел и Стефан од кои постариот Анѓел Петковски (1995-2014), беше убиен од некој млад албанец.

**Трпче** Петковски со сопругата Анѓа имаат син Живко и две ќерки: Стојна и Трајанка. Живко има два сина: Аце и Илија. Аце е женет со Ивана и очекува принова, а Илија не е женет, со него сум ФБ пријател и телефонски ми даде податоци. Стојна е мажена и има две ќерки: Љупка и Сашка, а Трајанка е мажена во Тетово и има син Андреј и ќерка Моника.